РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-12
04.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

**За:**

**Предмет:** Известување за Претставка во врска со реализирано и најавено, а неемитувано интервју на ТВ Канал 5

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. УПП 03/12 од 26.06.2024 г.) од родителите на малолетната ученичка , со која новинарката за реализирала интервју. Интервјуто било планирано да се емитува на 05.06.2024 година, од 8 часот наутро во рамките на утринската програма „Здраво Македонијо“, за што биле емитувани соодветни најави на програмата на ТВ Канал 5. Интервјуто не било емитувано без да се даде образложение, што предизвикало притисоци преку социјалните мрежи, а обидите на родителите да стапат во контакт со новинарката или со уредник биле безуспешни.

Согласно член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радијата и телевизиите се независни во својата уредувачка политика, што како темелна вредност го гарантираат и уставните начела. Регулаторот нема можност да постапува во однос на Претставката, освен да Ве извести за нејзиното пристигнување и да апелира на Вашата професионална етика, да ги известите ученичката и нејзините родители, за уредничката одлука за емитување или неемитување, со оглед на тоа дека интервјуто било реализирано и неговото прикажување било најавено.

Повеќе детали за поднесената претставка и за одговорот се достапни на веб страницата на Агенцијата https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување од директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**